РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-220/4
02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-554/1 од 27.01.2020 година, оформен по доставена пријава за лицето ///, судија во Основен суд ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-554/1 од 27.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител – /// од ///, на ден 27.01.2020 година поднесена е пријава за службеното лице ///, судија во Основен суд ///, и оформен е предмет со број 12-554/1 од 27.01.2020 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости во судска постапка по тужба на тужителите /// и /// од /// заведена под број /// каде предмет е недвижен имот стекнат врз основа на договор за купопродажба, кој подоцна им бил доделен со предимствено право на изградба на индивидуална семејна станбена зграда и во која постапка била донесена Пресуда со број /// од /// година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации до Судскиот совет на Република Северна Македонија во чиј прилог достави и копија од Пресудата на Основниот суд /// со број /// од /// година, доставена до ДКСК од страна на подносителот во прилог на поднесената пријава. Со посоченото барање ДКСК побара Судскиот совет на Република Северна Македонија да го преиспита постапувањето на судијата во постапката по предметот заведен со број /// и да ја извести за преземените дејствија.

Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија доставени се бараните информации, по што утврдена е следната фактичка состојба:

Предметот заведен со број /// во Основен суд /// бил оформен по тужба за утврдување на заштита на сопственост. Постапката по истиот била мериторно завршена со пресуда од /// година, правосилна на /// година и извршна на /// година, и со истата тужбеното барање било одбиено како неосновано. По изјавена жалба, првостепената судска одлука била потврдена од Апелациониот суд ///, со пресуда /// од /// година. Од наведеното произлегува дека се работи за предмет во кој по изјавена жалба првостепената одлука била потврдена од повисокиот суд, а постапката е правосилно завршена.

Од горенаведеното ДКСК утврди дека веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**